Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 93, 3 декември 2012 година

декември 2012 година
Штип

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за иизбор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област торакална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научното подрачје гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 29

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 34

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област интерна медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент (специјалист) за научната област оториноларингологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 65

**РЕФЕРАТ** за иизбор на помлад асистент/асистент (специјалист) за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 79

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област архитектура, урбанизам и планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 85

**РЕФЕРАТ** за избор на виш лектор од научна област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 88

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област романистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 97

**РЕФЕРАТ** за избор на лектор од научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 100

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно звање доцент за наставно-научната област полимерно инженерство и анализа и синтеза на процеси на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 104

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање вонреден професор за наставно-научната област полимерни материјали и композитни материјали на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 109

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област педагогија на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 115

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научната област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 120

**РЕФЕРАТ** за избор на доцент за научната област сликање и сликарски техники на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 125

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (помлад асистент) за наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 135

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област информациони системи и мрежи и процесирање на податоци на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 142

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за научната област микробиологија на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 144

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 146

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Практикум по сензорна и аналитичка евалуација на вино“ од авторот доц. д-р Виолета Иванова-Петропулос, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 149

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Заштита при работа“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 152

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот на скриптата „Техничка заштита во рударството“ од доц. д-р Дејан Мираковски и асс. м-р Марија Хаџи-Николова, вработени на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 155

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Стоматолошки материјали и технологија” од доц. д-р Ивона Ковачевска, Факултет за медицински науки, општа стоматологија и стручни студии за забен техничар протетичар, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 158

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 162

**ОДЛУКИ** за избор на визитинг професори ........ 163

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РОМАНИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, врз основа на член 132 од Законот за високото образование, на својата седница одржана на 17.10.2012 година донесе Одлука (бр. 2402-189/9) за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во звање *помлад асистент* за научната област *романистика* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во состав:

– д-р Радица Никодиновска, вонреден професор за наставно-научната област италијански јазик и книжевност, Филолошки факултет при Универзитет „ Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател;
– д-р Александра Саржоска, вонреден професор за наставно-научната област италијански јазик и книжевност, Филолошки факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член;
– д-р Виолета Димова, професор за наставно-научната област методика на наставата по македонски јазик, вработена на Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 5 октомври 2012 година.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 5 октомври 2012 година, за избор на соработник во звање *помлад асистент* за наставно-научната област *романистика – италијански јазик и книжевност* се јави само кандидатката **м-р Надица Маркоска** и ги достави потребните документи според Конкурсот и тоа:

– пријава;
– диплома за завршено соодветно образование, одбранет магистерски труд (еден примерок од дипломата оригинал и три копии заверени кај нотар; странските дипломи да се нострифицирани и дополнети со еквиваленција на оцените);
– уверение за положени испити
– кратка биографија (во четири примероци);
– потврда дека се служи со еден од светските јазици;
– список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал – доколку има);
– уверение за државјанство.

Врз основа на член 132 од Законот за високото образование, Рецензентската комисија ги разгледа пристигнатите документи и констатира дека кандидатката навремено ги доставила своите пријави со потребните документи во предвидениот рок утврден во Конкурсот.

Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатката м-р Надица Маркоска и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Надица Маркоска** е родена на 3 септември 1981 година во Скопје, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје на Катедрата за италијански јазик и книжевност на 14 јуни 2005 година, со среден успех 9,26 и се здобива со звање дипломиран филолог по италијански јазик и книжевност со шпански јазик и книжевност – преведувачка насока. Покажува забележителни успеси во текот на студирањето и добива стипендии за студиски престој на Универзитетот за странци во Сиена во 2003 година и Универзитетот за странци во Перуџа во 2004 година. Во 2005 година е поставена за постојан судски преведувач од италијански и шпански на македонски јазик и обратно во Основниот суд во Скопје, а една година подоцна е овластена и од Италијанската амбасада во Република Македонја како судски преведувач на комерцијални документи и судски процеси. На 6 февруари 2008 година се здобива со уверение за доквалификација на наставна насока – италијански јазик. Во академската 2008/2009 година ги завршува постдипломските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје од областа италијански јазик со просек 9,80. Магистерскиот труд со наслов „Анализа на фудбалската лексика во италијанскиот јазик со посебен осврт на заемките“ го одбранува на 20 март 2012 година и се стекнува со право на научен степен магистер по филолошки науки.

Своето работно искуство го започнува во 2005 година како професор по италијански јазик во приватното училиште за странски јазици „Логос Оксфорд“ во Скопје, а следната година продолжува да работи во „Иналто“ во Торино (Италија), како кореспондент со италијански осигурителни компании. Во периодот од 2007 до 2011 година работи хонорарно како преведувач на емисии и филмови од италијански на македонски јазик во МРТВ-Скопје, како професор по италијански и шпански јазик во неколку приватни училишта за странски јазици во Скопје и во Центарот за странски јазици – Скопје. Во април и мај 2012 година работно е ангажирана како волонтер на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Надица Маркоска е одличен работник и посветува големо внимание на своето усовршување. Покрај италијанскиот јазик, одлично ги владее шпанскиот и англискиот јазик и има одлични компјутерски познавања.

***Објавени трудови***

1. Надица Маркоска, *Анализа на фудбалската лексика во италијанскиот јазик со посебен осврт на заемките*, магистерски труд;
2. М-р Надица Маркоска, *Лексиката во фудбалот во италијанскиот јазик*, Годишен зборник на Филолошки факултет - Штип, Година 3, 2012 (во печат).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 129 (помлад асистент) од Законот за високото образование на РМ и чл.16 односно 72а од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип („Универзитетски гласник“ бр.23/12 година), го даваме следниов заклучок и предлог.

Врз основа на работната биографија, стекнатото образование, искуството во наставната работа, како и целокупната нејзина активност која е поврзана со научната област *романистика – италијански јазик*, констатиравме дека се работи за кандидат кој ги исполнува сите суштински и законски критериуми за помлад асистент, предвидени со Законот за високото образование. Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет **да ја избере кандидатката м-р Надица Маркоска за соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област романистика.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Радица Никодиновска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Александра Саржоска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Виолета Димова, професор, с.р.**